# „ВОСПОСТАВУВАЊЕ МУЛТИПРОФЕСИОНАЛНА ПРЕВЕНЦИЈА НА РОДОВО-БАЗИРАНО НАСИЛСТВО И РАБОТА СО СТОРИТЕЛИ СО ФОКУС НА БЕЗБЕДНОСТА НА ЖРТВАТА“

## КРАТОК ОСВРТ НА СОСТОЈБИТЕ И АНАЛИЗА НА РЕСУРСИ И ПОТРЕБИ

*Васка Лешоска и Тања Иванова,*
*Реактор – истражување во акција*

Bundesministerium
Soziales, Gesundheit, Pflege
und Konsumentenschutz

Funded by the Federal Ministry of Austria for Social Affairs, Health, Care, and Consumer Protection

# Анализа на состојбите и потребите од машки советувалишта во Северна Македонија, со фокус на родово базираното насилство (РБН)

Bundesministerium
Soziales, Gesundheit, Pflege
und Konsumentenschutz

Funded by the Federal Ministry of Austria for Social Affairs, Health, Care, and Consumer Protection

- Развиена во рамки на проектот „***Воспоставување на мултипрофесионална превенција на родово базирано насилство, работа со сторители ориентирана кон безбедноста на жртвите и советување за мажи во Северна Македонија***“, анализата вклучува:
- **Секундарни наоди** за моменталната состојба со РБН и постојните релевантни дефиниции и законска рамка, распространетоста на РБН и семејното насилство, како и примарно и секундарно спречување на насилството, со специфичен фокус на работата со мажи, **достапни административни податоци** од релевантни институции и извештаи од граѓански организации.
- **Онлајн-истражувањ**е со клучни чинители кое ги анализира потребите и ресурсите од гледна точка на релевантните засегнати страни, со цел да се олесни развојот на концептот и националните планови за воспоставување ефикасна примарна превенција, мулти-професионална поддршка и работа со сторители преку пристап што ја зема предвид безбедноста на жртвите, како и формирање центри за сеопфатна поддршка и советување на мажите за спречување на родово базирано насилство, поттикнување на принципите на еднаквост и вклучување на мажите во грижата (родителство, партнерство итн.).

REACTOR
research in action

# Истражувачкиот пристап се фокусираше на следните фази и методи:

- Преглед на постоечка литература и анализа на секундарни податоци
- Прибирање административни податоци преку барања за слободен пристап до информации (испратени до релевантни национални институции и вршители на услуги)
- Квалитативни дискусии и интервјуа за информирање на дизајнот на онлајн истражувањето и структурата на известувањето
- Онлајн истражување со со засегнати страни (дизајн на прашалник, структура на примерок, дистрибуција и собирање и анализа на податоци)
- Паралелно на истражувачките процеси: детална анализа на актуелната правна рамка и институционалниот одговор за спречување и санкционирање на родово засновано насилство, со фокус на мажите

*ПОДАТОЦИТЕ ПРИБРАНИ ВО АНАЛИЗАТА БЕА ИТЕРАТИВНО АЖУРИРАНИ ПО ЗАВРШУВАЊЕТО НА РАЗЛИЧНИТЕ ФАЗИ НА СОБИРАЊЕ ПОДАТОЦИ ШТО СЕ ОДРЖАА ПОМЕЃУ **ОКТОМВРИ 2021 И МАЈ 2022 Г.***

Männer- und Geschlechterthemen Steiermark · REACTOR research in action · HERA

# ЗОШТО МАЖИ И ЗОШТО РАБОТА СО СТОРИТЕЛИ ОРИЕНТИРАНА КОН БЕЗБЕДНОСТА НА ЖРТВИТЕ И СОВЕТУВАЊЕ ЗА МАЖИ ?

Терминологија и основни причини

# Родово базираното насилство сè уште е едно од најзначајните прекршувања на човековите права во сите општества.

- Родово-базирано насилство е насилство насочено врз некоја личност поради нивниот пол или род. Иако и жените и мажите доживуваат родово базирано насилство, **мнозинството жртви се жени и девојчиња.** Оттаму, родово базираното насилство и насилството врз жените се термини кои често се користат наизменично, бидејќи најголем дел од родовото насилство се случува врз жените и девојчињата, од мажи.
- Користењето на терминот „родово“ е важно бидејќи го нагласува фактот дека **многу форми на насилство врз жените се вкоренети во нееднаквостите на моќта меѓу жените и мажите.** Родово базираното насилство е манифестација на историски нееднаквата распределба на моќта меѓу жените и мажите и сè уште води до почеста дискриминација на жените. За да ги надминеме овие состојби неопходно е да се работи и со мажи (превенција) и сторители на насилство (заштита).

VEREIN Männer- und Geschlechterthemen Steiermark

REACTOR research in action

HERA

# Една од клучните области за превенција на родово-базираното насилство е поттикнување на:

## Грижливоста кај мажите (*caring masculinities*),

- или работа со мажите за нивно вклучување во доменот на грижата,
- советување на мажи за разбивање на стереотипи и штетни норми,
- постојана работа со деца и млади, од најрана возраст за постигнување на еднаквост и разбивање на стереотипи и штетни норми,
- вклучување на различни општествени чинители за промена на размислувањата што ги спречуваат жените и мажите подеднакво да учествуваат во сите процеси на нивното живеење, вклучително и грижата за децата и семејството/домот и обезбедувањето на средства за живот.

# КРАТОК ПРЕГЛЕД НА СОСТОЈБИ

Секундарни податоци




Извор: https://www.osce.org/VAWsurvey/publications

# Родово-базирано насилство

- **Податоците на следните неколку слајда се земени од истражување на тема "Безбедност и благосостојба на жените",** финансирано од ЕУ и други донатори, **а предводено од ОБСЕ** и спроведено во периодот 2016-2018 година (објавено во 2019г.).
- Ова е прво и единствено национално репрезентативно истражување за РБН во РСМ, спроведено и во југоисточна Европа и делови од источна Европа за да се обезбедат споредливи податоци на регионално ниво. Ги опфаќа сите форми на насилство преку различни модули (вклучувајќи и искуства поврзани со конфликти) и ги истражува искуствата со насилството на **национално репрезентативен примерок од 1910 жени на возраст од 18-74 години** (повеќефазен, стратифициран, случаен примерок).
- Се заснова на методологијата на Агенцијата за основни човекови права на ЕУ – *FRA (Fundamental Rights Agency)*, која има спроведено исто такво истражување во сите земји членки на ЕУ во 2014 година.

# Родово-базирано насилство (РБН) – преваленца

**Секоја втора жена во РСМ вели дека доживеала некаков тип на насилство или вознемирување во текот на нејзиниот живот** (15+ возраст), секоја петта вели дека ѝ се случило тоа во изминатите 12 месеци.




**416,000***
жени претрпеле некои форми на сексуално вознемирување, скришно следење/демнење, насилство од интимен партнер или насилство од не-партнер (вклучувајќи психолошко, физичко или сексуално насилство) од 15 годишна возраст

**69,000***
жени претрпеле физичко и/или сексуално насилство од интимен партнер

**55,000***
жени претрпеле физичко и/или сексуално насилство од не-партнер

**приближни бројки, апроксимации врз основа на добиените проценти*

Извор: https://www.osce.org/VAWsurvey/publications

Männer- und Geschlechterthemen Steiermark

REACTOR research in action

HERA

# Насилство од интимен партнер – типови и појавност







****Во текот на целиот живот**, т.е. откако наполниле 15 години*




*Процент на жени изложени на физичко, сексуално или психолошко насилство од интимен партнер **во текот на последните 12 месеци.***

Извор: https://www.osce.org/VAWsurvey/publications

VEREIN Männer- und Geschlechterthemen Steiermark
REACTOR research in action
HERA

Само 2% од жените кои доживеале некакво насилство од сегашен партнер го пријавиле во полиција она што сметаат дека е најсериозен инцидент поврзан со насилството.

Извор: https://www.osce.org/VAWsurvey/publications

## НИСКО НИВО НА ПРИЈАВУВАЊЕ НАСИЛСТВО ВО ПОЛИЦИЈА

% кои директно ја контакирале полицијата после најсериозниот инцидент на насилство




*Процентите се однесуваат само на оние жени кои доживеале конкретен тип на насилство не на вкупната популација жени!*

**База:** Сите жени на возраст од 18 до 74 години кои доживеале најсериозен инцидент од секоја форма на насилство - сексуално вознемирување (648), скришно следење/демнење (171), од сегашен партнер (109) од поранешен партнер (216), од не-партнер (181)

Verein Männer- und Geschlechterthemen Steiermark | REACTOR research in action | HERA

# Ниско ниво на свесност за пријавување РБН

Општо земено, 2 од 3 жени не се доволно информирани за тоа што треба да направат во случај на насилство.




Извор: https://www.osce.org/VAWsurvey/publications

Männer- und Geschlechterthemen Steiermark
REACTOR research in action
HERA

# Ставови кон семејното насилство

„Нормализацијата“ на семејното насилство (СН) е распространета појава: приближно, секоја втора жена во РСМ смета дека СН е „приватно прашање што се средува во рамките на семејството“ – став што може сериозно да влијае на пријавувањето, но и на резултатите од ваков тип истражувања.




Извор: https://www.osce.org/VAWsurvey/publications

Männer- und Geschlechterthemen Steiermark
REACTOR research in action
HERA

# Ставови кон семејното насилство

Уште еден пример за став што може да влијае на пријавувањето, но и на резултатите од ваков тип истражувања, а го поткрепува и фактот за „нормализирање“ на машката доминација во семејството: 3 од 10 етнички Македонки и 6 од 10 етнички Албанки веруваат дека добрата жена се покорува на сопругот дури и кога има различно мислење од него.




Извор: https://www.osce.org/VAWsurvey/publications




## Нееднаквости: родови јазови и примери за асиметрии на моќ што можат да влијаат на состојбите

**Податоците на следните неколку слајда се илустративни примери за можни нееднаквости, добиени од повеќе извори:**

https://ec.europa.eu/eurostat/web/microdata/overview;

https://reactor.org.mk/en/publication-all/gender-statistics-and-gender-mainstreaming-of-the-statistical-system-of-north-macedonia/;

https://www.stat.gov.mk/PrikaziPoslednaPublikacija_en.aspx?id=23

# Родови јазови-стапки на вработеност




**Графикон. Стапка на вработеност според род во Северна Македонија и Европската Унија (ЕУ-27). 2010 – 2020.**

Извор: Еуростат, возрасна група од 15 до 64 години.

Иако стапките на вработеност и на мажите и на жените се зголемуваат со текот на годините, родовиот јаз опстојува и е речиси двојно повисок од европскиот просек во 2020 година (НМ=18,4 п.п. во споредба со ЕУ-27= 10,3 п.п.).

Помеѓу руралните мажи и жени, разликата во стапките на вработеност е уште поголема (24 п.п.), што имплицира повеќеслојни бариери за некои жени и потенцијална интерсекционална дискриминација.

# Родови јазови-стапки на активност




**Графикон. Стапки на економска активност според родот во Северна Македонија и Европска Унија (ЕУ-27), 2010 - 2020**

Извор: Еуростат, возрасна група од 15 до 64 години

Уште поголем од родовиот јаз во вработеноста е родовиот јаз во активноста на пазарот на труд. Речиси половина од жените на работоспособна возраст се исклучени од пазарот на труд, односно немаат ниту платено вработување ниту пак се регистрирани како барателки на работа.

Зошто?

Männer- und Geschlechterthemen Steiermark

REACTOR research in action

HERA

# Причини за исклученост од пазарот на платен труд




**Графикон. Економски неактивно население кое не бара работа заради семејни причини/грижа за други лица, според род, во Северна Македонија и Европска Унија (ЕУ-27), 2010 – 2020 година.**

За повеќе од половина од жените кои не се активни на пазарот на труд, главна причина се **обврските поврзани со грижа за деца и други лица како и други семејни причини.**

**Во оваа „бројка“ влегува и категоријата домаќинки/и, која во официјалната статистика низ годините е исполнета 100% со жени.** За овие жени колоквијално велиме дека „не работат“ иако се носителки на неформалната економија на грижа. Без приходи од платено вработување, овие жени се зависни од приходите на домаќинството и се под ризик од старост без пензија и економско насилство.

Männer- und Geschlechterthemen Steiermark

REACTOR research in action

HERA

# Родови јазови - домашна, неплатена работа




**Графикон. Учеството на жените и мажите во вкупната неплатена работа за грижа, 2014/2015 година**

Извор: Ж. Шармс (2019). Неплатената работа поврзана со грижа и пазарот на трудот. Анализа за користењето на времето според последната Светска компилација на анкети за користење на времето. Канцеларија на МОТ – Женева: Достапно на: https://bit.ly/3824AoA. Пресметките на авторот се темелат на податоците од Државниот завод за статистика (2015). Анкета за користењето на времето, 2014/2015 година.

Доколку се анализира времето кое се посветува на грижа за децата, семејството и домашните активности поврзани со одржување на домаќинството (пр. чистење, готвење итн.), заклучуваме дека, во просек, 72% од времето потрошено на овој неплатен труд паѓа на товар на жените. Помалку од една третина од мажите велат дека вложуваат време  во неплатена работа поврзана со грижа.

Männer- und Geschlechterthemen Steiermark

REACTOR research in action

HERA

# Родови јазови - млади кои не се ниту вработени, ниту во процес на образование (15 до 29 години)



# Други примери за нееднаквост на моќ и социјални норми




*Административни податоци од Агенцијата за катастар, Министерство за внатрешни работи, Државна изборна комисија

РБН ги одразува нееднаквостите на моќта меѓу жените и мажите. Северна Македонија има длабоко вкоренети патријархални социјални норми за подредената улога на жената во општеството кои произлегуваат од колективното очекување за соодветно однесување (кое вклучува женска чистота, заштита на честа на мажот, или авторитет на мажот во дисциплинирањето на жените и децата...) и го поддржуваат родовото насилство. Примерите за сопственииштво и политичко учество само ја дополнуваат сликата за асиметриите на моќ што ги има повеќе и можат да влијаат на овие состојби на повеќе суптилни нивоа.

Männer- und Geschlechterthemen Steiermark

REACTOR research in action

HERA

# ПРАВНА РАМКА

Кратки заклучоци,

повеќе информации на: линк

# Што заклучивме од анализата на правната рамка?

- ✓ Солидна усогласеност на правната рамка со Истанбулската конвенција
- ✓ Должно внимание и итност во постапувањето – постои но не се почитува.
- ✓ Третман на сторители на насилство – предвиден со законските одредби како превентивна мерка и привремена мерка за заштита.
- ✓ НО, во пракса, само сторителите на семејно насилство можат да бидат вклучени во програмите за третман и останува правна празнина за третман на останатите сторители на РБН.
- ✓ Правото на доверливост на сторителот е ограничено, во националните стандарди недостига јасна процедура за информирање на жртвата.

# АДМИНИСТРАТИВНИ ПОДАТОЦИ

Секундарни податоци

# ПРОЦЕС НА СОБИРАЊЕ НА ПОДАТОЦИ

- **5 експертки** интервјуирани (од граѓански организации кои работат на РБН, професионалци даватели на сервиси  и експертки);
- **55 испратени барања за пристап до информации од јавен карактер**, добиени 39 одговори:

| Институција | Испратени БПИЈК | Одговори |
|---|---|---|
| Основно јавно обвинителство | 22 | 11 |
| Основни судови | 27 | 24 |
| Министерство за труд и социјална политика | 1 | 0 |
| Министерство за внатрешни работи | 1 | 1 |
| Министерство за образование и наука | 1 | 1 |
| Министерство за здравство | 1 | 0 |
| Фонд за здравствено осигурување | 1 | Препратено до МТСП |
| Министерство за правда | 1 | 1 |

- **Онлајн прашалник за вклучени чинители- институции, граѓански секотор**

VEREIN Männer- und Geschlechterthemen Steiermark

REACTOR research in action

HERA

# Семејно насилство – податоци од МВР




- Податоци врз основа на барањата за пристап до информации од јавен карактер од Министерството за внатрешни работи
- Министерството за внатрешни работи не собира податоци за сторителите поделени по пол.
- Во кривичните дела поврзани со семејно насилство се вклучени убиство, обид за убиство, телесна повреда, тешка телесна повреда, закани по безбедноста итн.

***за 2021 година податоците се до септември*

Männer- und Geschlechterthemen Steiermark

REACTOR research in action

HERA

# Семејно насилство – податоци од МВР




- Податоци врз основа на барањата за пристап до информации од јавен карактер од Министерството за внатрешни работи
- Во делата поврзани со семејно насилство вклучени се малтретирање на друг во стан, физички напад, учество во тепачка, карање и викање во јавност итн.

**за 2021 година податоците се до септември*

Männer- und Geschlechterthemen Steiermark

REACTOR research in action

HERA

# Привремени и итни мерки –Граѓански судови




- Податоци врз основа на барањата за пристап до информации од јавен карактер испратени до основните судови.
- Основните судови од Ресен, Струга и Гостивар НЕ одговориле на брањето
- Во **итни мерки** спаѓаат: отстранување на сторителот од домот и забрана за приближување до домот на предлог на МВР. Во **привремени мерки** се вбројуваат: забрана за закани, контакт, приближување на растојание помало од 100 метри до жртвата, отсранување од домот (10 до 30д), забрана за оружје, издржување на семејството лекување од алкохол/дроги, **задолжително посетување на советувалиште за сторители на насилство врз жени или семејно насилство**;
- 11 основни судови имаат изречено мерка за посетување на советувалиште за сторителот.


Männer- und Geschlechterthemen Steiermark
REACTOR research in action
HERA

# Кривични постапки за семејно насилство - податоци од основни судови




- Податоци врз основа на барањата за пристап до информации од јавен карактер испратени до основните судови.
- Основните судови од Ресен, Струга и Гостивар НЕ одговориле на брањето

Männer- und Geschlechterthemen Steiermark

REACTOR research in action

HERA

# Пријави за кривични дела за семејно насилство - Основно јавно обвинителство




- Податоци врз основа на барањата за пристап до информации од јавен карактер испратени до основните јавни обвинителства.
- 11 од 22 одговориле.
- НЕ одговориле: Берово, Битола, Дебар, Кочани, Куманово, Охрид, Ресен, Свети Николе, Скопје, Струмица, Тетово

# Родово разделени податоци за жртви и сторители




- Податоци врз основа на барањата за пристап до информации од јавен карактер до основните судови и ОЈО
- Не се водат автоматски податоци за полот на жртвите и сторителите во АКМИС системот. Податоците за полот се разделувани со прегледување на поединечните предмети. Граѓанските основни судови од Скопје и Битола заради поголем број на предмети не пратиле разделени податоци.

Männer- und Geschlechterthemen Steiermark
REACTOR research in action
HERA

# Каде се случило насилството? Податоци од основни судови и обвинителство




- Податоци врз основа на барањата за пристап до информации од јавен карактер до основните судови и ОЈО

Männer- und Geschlechterthemen Steiermark
REACTOR research in action
HERA

# ОНЛАЈН-ИСТРАЖУВАЊЕ СО КЛУЧНИ ЧИНИТЕЛИ

Примарни податоци

# Online истражување со чинители за примарна и секундарна превенција на родово-базирано насилство (примерок)




- Учествуваа вкупно 470 претставници на јавни институции и граѓански организации

Männer- und Geschlechterthemen Steiermark

REACTOR research in action

HERA

# Како да се вклучат мажите и момчињата во превенцијата на родово насилство во нашата земја?




% на оние кои се сметаат дека изјавата изразува ефикасен или многу ефикасен начин

# Ставови кон специјализирани услуги за работа со сторители




% на оние кои се согласуваат делумно или целосно

Männer- und Geschlechterthemen Steiermark

REACTOR research in action

HERA

# Зошто нема доволно специјализирани услуги (психосоцијално лекување, советување, терапија, обука, третман) за сторителите на родово насилство?

1. Дали мислите дека на нашата земја ѝ недостигаат специјализирани услуги (психосоцијално лекување, советување, терапија, обука, третман) за сторителите на родово насилство?







Männer- und Geschlechterthemen Steiermark

REACTOR research in action

HERA

# ВИ БЛАГОДАРИМЕ!

Во случај на прашања и потреба од повеќе информации, пишете ни на:
info@reactor.org.mk